# Дневна хемеротека за *11.11.2015г.*

## МИА – *ПМ честичките над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово*

СРЕДА, 11 НОЕМВРИ 2015, 10:41:12

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### ПМ честичките над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово

Препорачај 0

среда, 11 ноември 2015 08:11



**Скопје, 11 ноември 2015 (МИА)** - Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното.

Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај Ректоратот во Скопје, 110 во Тетово, 96 во Лисиче, 84 во Битола, 78 во Центар, 59 во Гази Баба, 53 во Карпош и 46 во Кичево.

Повисоки концентрации се регистрирани на овие мерни места во текот на изминатата ноќ.скс/са/**08:10**

## 24 Вести - *ПМ честичките над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово*

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на кубен метар ПМ честички кај ...

## Алсат-М - *ПМ честичките над дозволеното во неколку градови*

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај ...

## Телма - *Скопје,Битола,Кичево и Тетово со над дозволени ПМ честички*

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај ...

## Канал 77 - *ПМ честичките над дозволеното во повеќе градови*

Концентрациите на ПМ 10 честичките в о Тетово, Кавадарци, Кичево и во скопските општини Лисиче и Центар утрово се над дозволеното, но пониски од претходните денови. Во осум часот мерните станици на Министерството за животна средина покажуваат ...

## Точка - *ПМ честичките над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово*

Концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај ...

## Популарно - [ПМ честичките над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово]

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај ...

## Пулс24 - [Во Скопје, Тетово, Битола и Кочани ПМ честичките над дозволеното]

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај ...

## Република - [ПМ честичките над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово]

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај ...

## Репортер - [ПМ честичките над дозволеното во Скопје, Битола, Кичево и Тетово]

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај ...

## Здравство24 - [Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово ПМ честичките над дозволеното]

Во Скопје, Битола, Кичево и Тетово концентрациите на ПМ честичките и утрово се над дозволеното. Мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање регистрирале концентрација на 196 микрограми на метар кубен ПМ честички кај .

## MIA - Grimcat PM mbi të lejuarën në Shkup, Manastir, Kërçovë dhe Tetovë

E MËRKURË, 11 NËNTOR 2015, 10:56:08

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MU

Ballina | Ekologji | Grimcat PM mbi të lejuarën në Shkup, Manastir, Kërçovë dhe Tetovë

### Grimcat PM mbi të lejuarën në Shkup, Manastir, Kërçovë dhe Tetovë

Recommend 0

E mërkurë, 11 Nëntor 2015 2015-11-11 8:40:02.PD 8:40



**Shkup, 11 nëntor 2015 (MIA)** - Në Shkup, Manastir, Kërçovë dhe Tetovë koncetrimet e grimcave PM edhe sot në mëngjes janë mbi të lejuarën.

Stacionet e matjes të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor kanë regjistruar koncentrim të 196 mikrogramëve në metër kub të PM grimcave te Rektorati në Shkup, 110 në Tetovë, 96 në Lisiçe,, 84 në Manastir, 78 në Qendër, 59 në Gazi Babë, 53 në Karposh dhe 46 në Kërçovë.

Koncetrime më të lata janë regjistruar në këto vende të matjes gjatë natës së fundit. **sn/mp/08:19**

## Portalb - Grimcat PM mbi të lejuarën në Shkup, Manastir, Kërçovë dhe Tetovë

Në Shkup, Manastir, Kërçovë dhe Tetovë koncetrimet e grimcave PM edhe sot në mëngjes janë mbi të lejuarën.

## Kumanovo News - Сè уште не е поправена мерната станица во Куманово

KumanovoNews

### Сè уште не е поправена мерната станица во Куманово

Like Share 6 people like this. Sign Up to see what your friends like.



Мерната станица за мерење на загадувањето на амбиенталниот воздух во кругот на Општа болница Куманово, сè уште не е поправена, велат од Министерството за животна средина.

Оттаму информираат дека треба да се распише тендер за набавка на делови.

> *Чекаме согласност од Министерството за финансии за да распишеме тендер за набавка на делови. Мерната станица не работи две години во Куманово“ - додаваат од Министерството.*

Во меѓувреме жителите на Куманово немаат информации каков воздух дишат и дали е загаден.

> *Малку можеби е загаден воздухот во Куманово. Јас немам проблеми со дишни патишта, а кој има сигурно му пречи загаден воздух. Највеќе воздухот го загадуваат возилата и дрвата за огрев кои се користат во домаќинствата - вели граѓанка.*

Состојбата со загадувањето на воздухот е најалармантна во Скопје и Тетово.

## Дневник - *Кавадарци ќе ја дислоцира мерната станица за загаденост*

Дневник ONLINE

ЕКОЛОГИСТИТЕ БАРААТ УРГЕНТНИ МЕРКИ

### КАВАДАРЦИ ЌЕ ЈА ДИСЛОЦИРА МЕРНАТА СТАНИЦА ЗА ЗАГАДЕНОСТ



Коктел од загадувачи го труе Кавадарци, вели Роберто Паризов, претседател на еколошкото друштво „Екоживот" од овој град. Тој појаснува дека тука, пред с`, мисли на одделни капацитети, масовното користење автомобили дури и кога не е неопходно, како и казаните што во овој период интензивно печат ракија.

Паризов нагласува дека треба да се применат ургентни мерки за намалување на загадувањето и да се постават соодветни индикатори за загадувањето. Според него, ако „надлежните немаат капацитети да ги спроведат потребните мерки и желба за почиста животна средина", тие имаат предлози.

- Ние во „Екоживот" имаме предлог-решенија, но досега никој од надлежните не се заинтересирал да ги спроведе - тврди Паризов.

Од локалната самоуправа во Кавадарци велат дека зголемување на ПМ 10-честички во воздухот нема во летниот период и дека нивно зголемено присуство почнува да се бележи токму во овој период од годината и во зима, кога трае грејната сезона.

- Живееме во котлина, која не дозволува доволно природно проветрување на воздухот, па ни се случува облакот од чад од ќумбињата за греење во домовите подолго да се задржи над нашите глави. Така доаѓа до зголемено присуство на јаглероден диоксид во воздухот - објаснуваат надлежните од општината.

Градоначалникот на Кавадарци Александар Панов открива за „Дневник" дека планираат да ја сменат локацијата на мерната станица во Кавадарци, за што ќе побараат и дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање.

- Сметаме дека со самата промена на локацијата ќе можеме да утврдиме дали загадувањето доаѓа од камионите, кои масовно поминуваат крај сегашната локација на станицата или причина за него е чадот што излегува од греењето во домаќинствата. И што е најважно, ќе можеме да увидиме и какво е влијанието врз загадувањето на одделни индустриски објекти во градот - рече Панов.

Тој исто така кажа дека на овој проблем веќе долго работат и со Министерството за транспорт и врски.

- Бараме тешките товарни возила, кои не само што загадуваат туку и ни ги оштетуваат патиштата, да не се движат по локалните сообраќајници, туку да заобиколуваат и да транзитираат по регионални и магистрални патишта и автопати. Тие ни прават повеќекратна штета. Министерството веќе работи на проект, кој откако ќе помине на Влада, ќе се донесе одлука што ќе ја регулира оваа проблематика - вели Панов.

Деновиве од граѓани беше алармирано за зачестени прелети на авиони на небото над Тиквешко и Повардарието.

- Се сомневаме дека постои некакво необјасниво загадување. Врне кога треба да се бере грозје, врне кога се жнее, врне кога треба да се сее, дали е сето тоа како што некои мислат Господова работа - коментираат многумина граѓани.

Некои од нив направиле и фотографии со „уметнички дела" направени од трагите на авиони кои прелетуваат и изразуваат сомнежи дека и тоа загадување влијае на микроклимата во регионот. Но, има и други забелешки, дека граѓаните премногу подлегнуваат на теории на заговор и дека на таа висина, кога согорува керозинот, нормална појава е да се создадат линиите од млазните авиони.

- Земете предвид дека е зголемен сообраќајот на небото на овој коридор - беше еден од ставовите контра тие што повеќе сакаат теории на заговор.

Постарите Тиквешани, пак, се присетуваат на минатите времиња, кога, како што велат, како деца толку ретко поминувале авиони, па се радувале кога ќе ги забележат на небото и си замислувале желба. Денес, пак, во еден ден, небото буквално беше испресечено од бели линии останати од авионите што прелетуваат.

Екологистот Паризов не мисли дека загадувањето во Кавадарци е од авионите.

- Можеби мал дел - вели тој.

Светлана Дарудова

## МИА – За два месеца во Кавадарци 12 дена зголемена концентрација на ПМ 10 честички

СРЕДА, 11 НОЕМВРИ 2015, 11:19:16

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### За два месеца во Кавадарци 12 дена зголемена концентрација на ПМ 10 честички

Препорачај 0

среда, 11 ноември 2015 08:47



**Кавадарци, 11 ноември 2015 (МИА)** - Во изминатите два месеца во Кавадарци 12-тина дена била зголемена концентрацијата на ПМ 10 честички во воздухот, над дозволените максимални концентрации.

Ова го покажуваат податоците преземени од Станицата за мерење на загаденоста на воздухот во Кавадарци, информира Јованче Колев, инспектор за животна средина и комунални дејности при Локална самоуправа Кавадарци.

Всушност, вели тој, оваа појава гледана преку резултатите на Министерството за животна средина и просторно планирање-секторот кој е одговорен за набљудување на покачувањето на ПМ 10 честичките низ државата и Управата за хидрометеоролошки работи во Кавадарци станува актуелна со почнувањето на грејната сезона. Овој период, не само оваа година, додава, ПМ 10 честичките се зголемуваат енормно, по неколку пати повеќе од дозволеното.

- Проблемот се јавува во вечерните часови кога се активира поголемо количество топлинска енергија во домаќинствата после враќањето од работа на граѓаните и испуштањето на јагленороден диоксид во атмосферата од оџаците при што се створа обвивка над градот, која поради затвореноста на истиот од три страни, нема провев и тој чад во форма на облак лежи над самиот град и ПМ 10 честичките се зголемуваат.Во раните утрински часови со мал ветар тој исчезнува. И параметрите покажуваат дека ПМ 10 честичките во овој прв дел на денот се под максимално дозволеното, дури и екстремно ниски.Овие параметри , кои се поволни за граѓаните на Кавадарци се евидентни до 16 односно 17 часот и се под границите , дури имаме и вредности кои важат за најчистите градови во Македонија, соопштува Колев.

Според него, во моментов граѓаните се најголеми загадувачи. Во овој период, вели, започнува грејната сезона во домаќинствата, а се вари голема количина на ракија. Тој на увид ги покажува и документите кои се извадени преку Станицата за мерење на загаденоста во Кавадарци. ПМ 10 честичките во пролет, лето и почетокот на есента се нормални или под граница. Главно до 30, и многу ретко до 40 микрограми на метар кубен. Но овој период, подвлекува, како одминува денот, особено доцна попладне, како паѓаат температурите, така растат ПМ честичките.

Граѓаните можат да го следат квалитетот на воздухот во Кавадарци преку апликација на Министерството за животна средина и просторно планирање он лајн страница и може да се врши увид на присуството на ПМ честичките во воздухот. **сд/цр/08:46**

## Утрински - *И Тетово ги прска улиците*

Утрински весник

### И ТЕТОВО ГИ ПРСКА УЛИЦИТЕ




**Со позајмено возило од скопското јавно претпријатие, денеска двете главни сообраќајници во Тетово беа прскани со средство за намалување на загадувањето**

**Гојко Ефтоски**

Конечно и надлежните во Општина Тетово почнаа да преземаат конкретни чекори за намалување на загадувањето на воздухот. По примерот на Скопје, денеска и во градот под Шара е направен обид со прскање на улиците со средството калциум-магнезиумов ацетат ЦМА АЛ25 да се редуцира концентрацијата на штетните честички прашина ПМ 10. Така, вчера во 6 часот наутро беа третирани двете главни сообраќајници на Тетово, булеварите „Маршал Тито“ и „Илинденска“. Надлежните очекуваат ефектот од оваа активност да биде и до 30 проценти намалена концентрација на правот и на штетните честички во воздухот.

Препаратот го обезбеди Општина Тетово, но возилото со кое е извршено прскањето е позајмено од Скопје, од јавното претпријатие „Комунална хигиена“. Командирот на тетовската противпожарна единица, Ука Алити, вели дека и тие поседуваат едно возило за вакви цели, кое може сосема да одговори на потребите, но оти до вчера никој не побарал тоа да биде ставено во ваква функција.

Од канцеларијата за односи со јавноста на Општина Тетово информираат дека прскањето ќе продолжи и деновиве кога временските услови ќе бидат оптимални и суви. А, бидејќи метеоролозите не најавуваат дождови во наредните неколку дена, се очекува оваа активност да продолжи.

Дали и колку ќе влијаат овие активности на намалувањето на концентрацијата на честичките ПМ 10 во тетовскиот воздух, засега не може да се каже. Официјалните податоци покажуваат дека вчерашните вредности на штетните честички во воздухот во 9 часот изнесувале 208, а во 10 часот се искачиле на 264 микрограми на кубен метар. Но, во 12 часот „паднале" на 199,92 микрограми. Овие индикации се добиени на три, пет и на седум часа по извршеното прскање на главните улици во Тетово.

Инаку, најголема е загаденоста на воздухот во вечерните часови. Така, во понеделникот околу 18 часот беа измерени дури 536 микрограми на кубен метар, што е речиси 11 пати над максимално дозволената граница за ПМ 10, која изнесува 50 микрограми на кубен метар воздух. Сепак, тетовци се оптимисти дека и овие првични мерки ќе помогнат за колку-толку да се намали загадувањето во градот.

Од локалната самоуправа во Тетово информираат дека ова не се првите и единствени мерки што ги презеле во борбата против загадувањето. Велат дека уште во ноември минатата година донеле серија краткорочни и долгорочни активности и мерки за намалување на загадувањето кои биле спроведувани и лани, а годинава ќе се спроведуваат со зголемен интензитет и решителност. Од таму појаснуваат дека бил воспоставен посебен режим на движење на тешките товарни возила чија крајна дестинација не е градот Тетово и дека се воведува посебен режим за товарање и растоварање на стока од 19 часот до 8 часот наутро. Особено е важно што е зголемен бројот на инспектори во Инспекторатот за животна средина, и тоа од двајца колку што имало порано, на 11 инспектори. Општинскиот инспекторат ќе врши зачестени контроли во индустриските капацитети се' со цел да се утврди дали поседуваат Б-еколошка дозвола и дали се придржуваат кон пропишаните мерки за намалување на штетните влијанија при нивната работа.

Во рамки на активностите во борбата против загадувањето Општина Тетово воведе и бесплатна СОС-еколошка линија (0800 44 053), додека на веб-порталот tetova/e-report тетова/е-репорт граѓаните можат во секое време да пријават несовесно однесување на други граѓани или на правни лица кои ја загадуваат околината.

## +инфо - *И Тетово од денеска мириса на оцет*

Улиците во Тетово денеска се прскаа со средство за намалување на загадувањето на воздухот. Утрото беа третирани со калциум-магнезиумов ацетат ЦМА АЛ25 двете главни сообраќајници во Тетово, булеварите Маршал Тито и Илинден

## Tetova Sot - *Në Tetovë filloi spërkatja kundër ndotjes së ajrit (FOTO)*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Në Tetovë filloi spërkatja kundër ndotjes së ajrit (FOTO)



in Maqedoni 10/11/2015

Si rezultat i rritjes së trendit të ndotjes të ajrit me grimcat PM10, Komuna e Tetovës prej sot në orët e hershme të mëngjesit, filloi trajtimi i rrugëve dhe bulevardeve qendrore të qytetit me CMA AL 25 (calcium magnesium acetate), ku aplikimi i rregullt i rrugëve me këtë substancë pritet të reduktojë pluhurin dhe mikrogrimcat e dëmshme në ajër deri në 30% në vlera ditore.

Trajtimi i rrugëve të qytetit me këtë tretje e cila është ekologjike dhe nuk është e dëmshme për njerëzit dhe bimët, rekomandohet të kryhet gjatë periudhave të ndotjes më të madhe të ajrit, në kushtet optimale klimatike dhe mot të thatë, thuhet në njoftimin e Komunës.

Gjatë mënjesit të sotëm me sukses u realizua trajtimi i disa rrugëve me CMA AL 25, si bulevardi Ilirija, i Ilindenit si dhe V.S Bato.

Gjithashtu Komuna e Tetovës në kuadër të kompetencave të saj ligjore, që në muajin Nëntor të vitit 2014, solli një sërë masash dhe aktivitete afatshkurtra dhe afatgjata dhe masa për të luftuar ndotjen enorme të ajrit ambiental.

Të njejtat janë aplikuar vitin e kaluar dhe këtë vit do të aplikohen me intensitet të shtuar dhe vendoshmëri.

Këto masa përfshijnë zbatimin e aktiviteteve dhe masave në vendosjen e një regjimi të veçantë të lëvizjes së automjeteve të mallrave të rënda, destinacioni përfundimtar i të cilëve nuk është qyteti i Tetovës, që të njëjtit ti përdorin rrugët dytësore përreth qytetit.

Gjithashtu nga ana e inspektoratit komunal do të kryhen kontrolle të rrepta lidhur me respektimin e orarit për ngarkimin-shkarkimin të mallrave në qytetin e Tetovës nga ora 19:00 deri 08 të mëngjesit, dhe jorespektimi eventual I kësaj mase do të jetë lëndë e gjobave të ashpra për qytetarët e pandërgjegjshëm apo personave juridikë.

Rritja e ndotjes të ajrit ambiental në Komunën e Tetovës theksoi nevojën për të rritur numrin e inspektorëve të mjedisit jetësor në kuadër të inspektoratit komunal, kështu që nga viti i kaluar numri i tyre nga 2 inspektor është rritur në 11.

Komuna e Tetovës ka lëshuar SOS linjën ekologjike (0800 44 053), si dhe e ka promovuar web portalin Tetova/e-report, ku qytetarët do të mund në çdo kohë t'i paraqesin veprimet e pandërgjeshme te qytetarëve apo personave juridikë, të cilët ndotin ambientin .

Inspektorati komunal do të kryejë kontrolle të shpeshta në objektet industriale me qëllim që të vërtetohet nëse ata posedojnë leje ekologjike B dhe nëse gjatë ushtrimit të veprimtarisë së tyre afariste të njëjtit u përmbahen stadardeve të caktuara që kanë për detyrë mbrojtjen e ambiemtit jetësorë.

Me qëllim rregullimin dhe reduktimin e trafikut, Komuna e Tetovës ka prezantuar plan të ri për rrugët njëkahëshe në qytet, si dhe me vendimin e këshillit per një masë afatgjatë për te trajtuar me ndotjen, ka themeluar dy ndërmarrje publike: Ndërmarrjen Publike Parkingu I Qytetit, si dhe Ndërmarrjen publike per Transportin publik.

Ndërmarrja Publike për Parkingjet Publike zbatoi funksionalizimin e parkimit zonal në Tetovë, dhe rezultatet teren flasin për uljen e dukshme të makinave që qarkullojnë në zonën qendrore te qytetit.

Ndërmarrja Publike për Transport publik është në fazën e planifikimit dhe konstituimit institucional, dhe e njëjta pritet të finalizohet dhe të funksionojnë një të ardhme të afërt.



## Утрински – *Собир на аеродромци за почист воздух*

Утрински весник

### СОБИР НА АЕРОДРОМЦИ ЗА ПОЧИСТ ВОЗДУХ



Аеродромци ќе се здружат за почист воздух во општината. Секоја недела ќе се собираат пред општинската зграда барајќи локалната самоуправа да преземе конкретни мерки против загадувањето во Аеродром и во Ново Лисиче. Засегнатите жители веќе се организираат и координираат на социјалните мрежи. На „Фејсбук“ веќе е оформена група „Сакаме да дишеме“ и нејзините членови даваат предлози како да се добие почист воздух.

„Автобусите на ЈСП кога стојат на последна автобуска постојка да ги гасат моторите. Да се казнуваат оние кои палат собрани лисја и гранки во двор или пред двор. Да се субвенционира приклучување на градско парно во Долно и Горно Лисиче“, се некои од предлозите на членовите на групата за почист воздух во Аеродром.

Инаку, во овие населби од ден на ден е се' позагадено, а тоа особено се чувствува во вечерните часови. (Д.Т.Д.)

## IT.com.mk - *Ќе можат ли апликации да ни помогнат со загадениот воздух?*

# Ќе можат ли апликации да ни помогнат со загадениот воздух?



Од Дејан Соколоски
ПРЕД 18 ЧАСА ВО ИТ.МК, СТАТИИ

Тагирано со

ЗАГАДУВАЊЕ ИТ.МК КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ МОЈВОЗДУХ МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА СКОПЈЕ ТЕТОВО




Како што се приближува зимата и грејната сезона, така се повеќе го забележуваме ужасниот квалитет на воздух низ градовите во Македонија. Проблемите со загадувањето не се новитет во Скопје и Тетово, но последниве неколку години достигаат епски димензии, а дел од медиумите јавија дека викендов Скопје е најзагадениот град во Европа. Градските власти најавија прскање на улиците за намалување на аерозагадувањето, но во исчекување на резултатите, **препораката е во критичните часови со најголема загаденост најдобро е да си седите дома**.

Но, иако сите го забележуваме ужасниот воздух, го мирисаме и го гледаме како сиви облаци врз нас, сепак тоа што нè прави загрижени се бројките кои доаѓаат од јавните метрички станици, спакувани во креативната и популарната апликација Мој Воздух, која сега има нова веб локација, mojvozuh.eu. Апликацијата често ќе ја забележите на друштвените мрежи, поточно ќе ја видите како скриншот кој го споделуваат корисниците кои се

загрижени од загадувањето што е до пет пати над дозволеното.




Секоја метрика за загаденоста на воздухот е добредојдена за да сфатиме што дишеме, да научиме дека треба да носиме маски, и кога не треба да излегуваме од дома. Но, дали оваа апликација, или подобро **дали технологијата ќе може да ја крене свеста кај граѓаните за решавање на овој проблем?** Според Горјан Јовановски, програмер, студент и креаторот на Мој Воздух, податоците се клучни, посебно кога ќе бидат презентирани внимателно. Но, на крај, сепак се останува во рацете на луѓето.

> „Перцепцијата секако верувам дека се менува со МојВоздух. Податоците се подостапни, на начин на кој што се разбирливи и навистина се обрнува внимание на презентацијата. Но дали ќе се подобри квалитетот на воздухот е навистина до луѓето. Сега, откако ги имаат информациите за тоа што дишат секојдневно, зависи од нив дали ќе преземат чекори за намалување на загадувањето. Знам дека не е само до нас, дека фабриките придонесуваат голем дел од него, но автомобилите и неправилното согорување во домовите е нешто што можеме ние да го превентираме", вели Горјан.

## Fox.mk - [На градската депонија во Велес пуштена во употреба фотонапонска сончева централа]

# На градската депонија во Велес пуштена во употреба фотонапонска сончева централа

10/11/2015 | 16:42

Like 2 Share Tweet 0 G+1 0

ЈКП „Дервен" на градската депонија во Велес денеска ја пушти во функција фотонапонската сончева централа и пресата за балирање на отпад од пакување.



На пуштањето во функција на фотонапонската централа со 24 панели во вредност од 10 илјади евра, обезбедени од ЈКП „Дервен" и Општина Велес, присуствуваше и градоначалникот Славчо Чадиев.

Како што појаснуваат од ЈКП „Дервен" економски најефикасно и еколошки најприфатливо решение е поставување изолиран фотоволтаичен (OFF GRID) систем за производство на електрична енергија за сопствени потреби на депонијата односно за ноќно осветлување на депонијата бидејќи веќе една година градскиот смет се собира и ноќе.

Фиданчо Цеков директор на ЈКП „Дервен" информира дека очекуваното производство на електрична енергија од целиот систем е 9MWh/годишно, бидејќи локацијата припаѓа во подрачје со зголемено траење на сончевото зрачење со 280 денови во годината. Потребите

досега, подвлече, се обезбедуваа од дизел агрегат кој не беше доволен за планираните активности на депонијата.

Градоначалникот Чадиев, потсети дека „Пакомак“ ДОО Скопје и донира на Општина Велес хидраулична преса за правење бали од селектиран отпад од пакување која иницијално многу ќе помогне во оперативност на системот и олеснување на работата околу складирањето и транспортот на отпадот.
Се очекува до крајот на ноември на депонијата да биде поставено депо за складирање на отпад од елктронска опрема, отпадни батерии и акумулатори, опасен отпад.

Инаку,изминатиот период се изврши комплетно оградување на депонијата и поставување на систем за перење на возилата кои го транспортираат и одложуваат отпадот.

## Република - *Велес: Пуштена во употреба фотонапонска сончева централа*

ЈКП „Дервен“ на градската депонија во Велес денеска ја пушти во функција фотонапонската сончева централа и пресата за балирање на отпад од пакување. На пуштањето во функција на фотонапонската централа со 24 панели во вредност од 10 илјади евра, ...

## Курир - На градската депонија во Велес пуштена во употреба фотонапонска сончева централа

ЈКП „Дервен“ на градската депонија во Велес денеска ја пушти во функција фотонапонската сончева централа и пресата за балирање на отпад од пакување. На пуштањето во функција на фотонапонската централа со 24 панели во вредност од 10 илјади евра, ...

## Сител - *На градската депонија во Велес пуштена во употреба фотонапонска сончева централа*

ЈКП „Дервен“ на градската депонија во Велес денеска ја пушти во функција фотонапонската сончева централа и пресата за балирање на отпад од пакување. На пуштањето во функција на фотонапонската централа со 24 панели во вредност од 10 илјади евра,

## A1 On - [Глобалното затоплување ограничено до еден степен]

# Глобалното затоплување ограничено до еден степен

Објавено: 10:40, 11/11/2015 Прегледано: 7 пати.



0 SHARES Facebook Twitter

**Би-Би-Си – Лондон**

Глобалните температури се во ситуација да пораснат повеќе од еден степен целзиусов над прединдустриското ниво, велат од британската Канцеларија за метереологија

Бројките од јануари до септември оваа година, веќе се за 1,02 степени над просечните температори за периодот помеѓу 1850 и 1900 година.

Ако температурата остане како што е предвидено, 2015 ќе биде првата година кога ќе се надмине оваа клучна граница. Тогаш светот ќе се најде на половина пат до два степени, односно пред влез во опасното загревање.

Новите податоци е извесно дека ќе наметнат итност во полотичките преговори во Париз кон крајот на месецов, со цел да се донесе нов глобален договор за климата.

**Тешко е да се измери**

За истражувачите, конфузијата околу вистинското ниво на температурите од средината на осумнаесетиот век, кога и започнала индустриската револуција, а фосилните горива се пошироко почнале да се користат, значи дека точното мерење на висината на температурата со која светот од тогаш се загревал е многу тешко да се измери.

За да се надмине овој проблем, Канцеларијата за метереологија користи просек на тепературите измерени помеѓу 1850 и 1900 годсина, за кои тие велат дека ги прават нивните анализи поточни.

Нивната последна информација за температурата доаѓа од анализата на податоците кои Канцеаријата за метереологија заедно ги прават со Единицата за истражување на климата при Универзитетот на Источна Англија.

Базата на податоци ХадКРУТ покажува дека во првите девет месеци од оваа година, основната глобална тепература надминала еден степен и достигнала 1,02 степени, со фактор на грешка од плус/минус 0,11 степени. Научниците велат дека границата од еден степен ќе биде надмината во 2015, заради емисиите од јаглерод диоксид и влијанието од временскиот феномен Ел Нињо.

– Годинава забележавме силен прогрес на Ел Нињо во тропскиот Пацифик, и дека тоа веќе има извесно влијание врз глобалната температура годинава, рече Стивен Белчер, директор на Канцеларијата за метереологија Хедли офис.

**Новата нормала**

Од 2013 наваму, загревањето на океаните и површината на почвата достигнале нови рекорди. И 2014 година беше прогласена за најтоплата година, но падна за едно место затоа што најверојатно 2015 година ќе го надмине тоа ниво. Научниците веруваат дека и 2016 година се претпоставува дека ќе биде многу топла година, а тие веруваат дека маргината од еден степен ќе биде поцврсто изразена во следните години.

-Годинава е одбележана како прва како таква важна, но тоа не значи дека од сега натаму секоја година ќе биде за еден или повеќе степени над прединдустриското ниво, затоа што природните варијабли сеуште играат голема улога во определувањето на температурата за секоја следна

година, вели Питер Скот, шеф за мониторирање на климата и последиците во Канцеларијата за метереологија.

-Сепак, онака како што светот ќе се загрева во следните години, ќе забележуваме дека секоја следна година ќе ја надминува границата од еден степен – што најверојатно на крајот и ќе стане норма.

Овој прогрес по се изгледа ќе изврши притисок врз политичарите да донесат одлучен договор на Конференцијата за климата на ОН, која треба да се одржи кон крајот на месецов во Париз.

По неуспехот да се постигне договор на средбата во Копенхаген во 2009 година, политичките лидери следната година во Канкун, Мексико, се согласија дека затоплувањето од два степени ќе бидер договорената граница над кој температурата не смее да порасне.

Многу островски држави не се согласуваат со целта од два степени, и бараат ОН да прифати нова пониска граница од 1,5 степени целзиусови.

Во анализа на ОН за намалување на емисиите од јаглерод диоскид, кои ги доставија државите членки пред претстојната средба во Париз, се заклучува дека сето тоа заедно ќе доведе до загревање од 2,7 степени целзиусови над прединдустриските нивоа.

**Кратка историја за двата степени**

Идејата за границата од опасното затоплување беше првпат спомната од Вилијам Нордхаус, економист од Јејл, во 70-ите години од минатиот век. Во 1990 година, Стокхолмскиот иниститут за животна околина излезе со попрецизна проценка дека два степени треба да се земат како ниво при што може да се случи штетно затоплување.

Сепак, на средбата на политучарите во Рио во 1992 година, беше експлицитно одбиено да се прифати ваквата цел. Првото политичко тело кое објави дека два степени е целта, беше Европкиот совет на министри за животна средина во 1996 година, каде присуствуваше и младата Ангела Меркел како претставник од Германија.

Главните тела на ОН беа претпазливи во прифаќањето на целта,па окрај итното барање на чниците и на преговарачите за климатаа им требаше време 2010 година во Канкун да се обврзат дека нивните влади „ќе го задржат затоплувањето на просечната глобална температура под нивото од два степени од пред индустриските нивоа“.